**РАБОТНО УПАТСТВО**
**ЗА ИЗРАБОТКА НА ТРУДОВИ (ПРОЕКТНИ ЗАДАЧИ, ДИПЛОМСКИ, СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ, МАГИСТЕРСКИ И ДОКТОРСКИ) ОД СТУДЕНТИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

**СОДРЖИНА:**
1. **Цел**
2. **Подрачје и примена**
3. **Дефиниции и скратеници**
4. **Одговорности**
5. **Опис на постапката**
6. **Мерење**
7. **Документи и прилози**


| | Датум | Име и презиме | Функција |
|---|---|---|---|
| Изработил | 25.4.2018 година | Светлана Попова | секретар на Докторска школа |
| Одобрил | 30.10.2018 година | проф. д-р Блажо Боев | ректор |
| Правна основа: Врз основа на член 94 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18) | | | |
| Усвоил: Универзитетски сенат (број на седница148., датум, 8.5.2018 и број на седница 153., датум, 30.10.2018.) | | | |

Овој документ е сопственост на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и претставува класифицирана информација. Не се дозволува пренос на други лица. Правата се регулирани со Законот за авторски права. Забрането е фотографирање, магнетски запис или кој било друг вид запис.

**1. Цел**

Со ова Работно упатство се уредува начинот за изработка на тематски и истражувачки трудови (проектни задачи, дипломски, специјалистички, магистерски и докторски) од студентите на прв, втор и трет циклус на студии на Универзитетот.

**2. Подрачје и примена**

Се применува при изработка на тематски и истражувачки трудови (проектни задачи, дипломски, специјалистички, магистерски и докторски) од студентите на прв, втор и трет циклус на студии на Универзитетот.

**3. Дефиниции и скратеници**

СМК – Систем за менаџмент со квалитет
УГД – Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип
Автори на трудовите - студентите на прв, втор и трет циклус на студии на Универзитетот

**4. Одговорности**

**4.1.** За реализација на ова Работно упатство задолжени се менторите на студентите на прв, втор и трет циклус на УГД како и самите автори на трудовите.
**4.2.** Изгледот и начинот на изработка на проектните задачи и дипломските работи го одобрува проректорот за настава.
**4.3.** Изгледот и начинот на изработка на проектните задачи и специјалистичките, магистерските и докторските трудови го одобрува проректорот за наука.

**5. Опис на постапката**

**5.1. Подготвување на ракописот (за сите трудови)**

Ракописот за трудот треба да биде комплетно подготвен во согласност со овие работни упатства. Ракописот може да биде напишан на македонски или на англиски јазик, да биде изработен во MS Word, на **А4** формат, со употреба на **Arial** со **МК** поддршка за кирилско писмо и **Arial** со **EN** поддршка за латинично писмо, со фонт **12**, во проред **1,5** (Single Space), во рамка со големина **21 cm x 29,7 cm**; со порамнување лево и десно (Justify) низ целиот документ и маргини: **долу, горе, лево и десно (2,54 cm)** и нумерирање на страниците на средината од дното на секоја страница.

**5.2. Цитирање на литература (за сите трудови)**

Списокот на цитирана литература се составува според азбучниот, односно абецедниот ред на авторите и хронолошкиот ред на објавување. Доколку се цитираат повеќе референци од еден автор, истите се поредуваат во списокот на цитирана литература хронолошки од поновите кон постарите датуми на објавување.

Во цитирањето на литература во поглавјето **Литература** да се следи примерот:

**За книга:**

Пејчиновски, Ф. и Митрев, С. (2007). Земјоделска фитопатологија. Универзитет „Гоце Делчев” - Штип: Монографија, 332.

**За поглавје од книга:**

Okuda, M., & Okuda, D. (1993). Star trek chronology: The history of the future. New York: Pocket Books, 545.

**За списанија:**

Avinion, G., Greeg, D., & Johnsom, J. (2006). Characterization of some colliform bacteria isolated from pork meat. Journal of Veterinary Pathology, 88(3), 321-324.

Davine, P., & Sherman, L. (2002). Intuitive versus rational jujment and the role of stereotyping in the human conditions. Psychological Inquiry, 3(2), 154-160.

**За зборници:**

Накова, К., Ковачевски, М. и Тодоров Б. (2005). Управување со организациските конфликти. Годишен зборник на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, 5, 139-146.

Мартиновски, И. (1999). Здравствена состојба на пиперката во југоисточниот регион во Република Македонија во 1999 година. Годишен зборник за заштита на растенијата, Скопје, X, 163-171.

**За презентација од конференција или научен собир:**

Dimitrovski, D., Stafilov, B., Miravcievska, V. (2004). Organic seed production of vegetables. VIII Symposium Agroindustry, Velika Plana, Serbia and Montenegro, Proceedings, 252-259.

Иванов, Б., Тодоровска, К., (2003). Анализа на воздушното загадувањето во велешкиот регион. Конгрес на еколозите на Р. Македонија, Охрид, Р. Македонија, Зборник на трудови, 246-252.

**За магазини:**

Mershon, D. (1998, November/December). Star trek on the brain and alien minds, human minds. American Scientist, 86(6), 585.

**За дневен печат:**

Талески, Б. (2008, март 15). Тотален менаџмент во управувањето со информатичката мрежа во Инфосервис. Бизнис, стр. 8.

**За енциклопедија:**

Sturgeon, T. (1995). Science fiction. The Encyclopedia Americana (Vol. 24, pp, 390-392). Dabury, CT: Grolier.

**За веб-страница:**

Статистички завод на Република Македонија (2009). Статистички годишници на Република Македонија. Преземено на 4 март 2009 г. http://www.stat.gov.mk

Во цитирањето на литературата низ текстот да се следи примерот:

Новаков (2001); (Dumas et al., 2006,1999); (Алексов, 1999; Велкова, 2006; Трајковски 200 и Шопов, 2009); Според Cornell, 1998.

**Обработка на прилозите:** сите графикони, табели, слики, фотографии, скици и други релевантни показатели кои го објаснуваат текстот се сметаат за прилози во проектната задача работа.

**Табели:** Насловот на табелата треба да е двојазичен (македонски и англиски), секогаш над табелата, големина на буквите 12, без проред помеѓу табелата и насловот. Во табелата текстуалниот опис, исто така, треба да е двојазичен.

Табела 2 Метеоролошки податоци во периодот на испитување
Table 2 Meteorological parameters in the research period

| Година Year | Месеци / Mounts | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | III | IV | V | VI | VII | VIII |
| Средномесечни температури во $^{o}$C / Average mounts temperature in $^{o}$C | | | | | | |
| 2006 | 8,2 | 13,5 | 18,1 | 23,1 | 23,7 | 24,1 |
| 2007 | 9,8 | 13,8 | 19,8 | 24,2 | 27,6 | 24,7 |
| Сума на врнежи во милиметри / Rainfall sum in millimeters | | | | | | |
| 2006 | 75,0 | 31,8 | 34,0 | 106,9 | 26,7 | 19,9 |
| 2007 | 39,7 | 2,2 | 107,5 | 45,6 | 0,3 | 73,9 |

**Слики:** Насловот на сликата треба да е двојазичен, секогаш поставен под сликата. Под слика се подразбира графикон, фотографија, цртеж, шема, пита, хистограми итн. Фотографиите се приложуваат во формат и квалитет кој е неопходен за печатење, во посебен фолдер, а авторите се одговорни за нивната оригиналност.




Слика 1 Резултат од електрофорезата во 1% агарозен гел на PCR
Figure 1 PCR products in 1% agarose gel electrophoresis

**Повикување на прилозите низ текстот:** Во табела 2 е прикажан; Највисока бројност на видот е во март (сл. 3, таб. 1).
При користење на единици како и нивните симболи, авторите треба да го применуваат Интернационалниот систем за единици (SI - International System of Units).

### 5.3. Изработка на проектни задачи/дипломски трудови

Проектните задачи/дипломските трудови можат да се изработуваат и да опфаќаат:

- **тематски проблематики**, образложување на определена тема од наставната програма (за проектни задачи особено во I и II циклус на студии, а за завршен испит особено при тригодишни студии со 180 ЕКТС), како и

– **истражувачки проблематики**, образложување на резултати од сопствени или од тимски истражувања (за проектни задачи особено во II и III циклус, а за дипломски труд особено при четиригодишни студии со 240 ЕКТС).

Темата, насловот и бројот на страниците на проектната задача ја определува предметниот наставник или менторот на кандидатот за магистерски, т.е. интерниот и екстерниот ментор при докторски студии.
Темата и насловот за завршниот испит/дипломската работа студентот ја избира од списокот на теми кои се објавени од единицата на УГД на веб-страницата на факултетот за секоја катедра/институт/оддел посебно на почетокот на секоја студиска година. Списокот на темите за завршен испит ги верификува Наставно-научниот совет на единицата при Универзитетот, по предлог на соодветната катедра/институт или оддел.

Првата, односно насловната страница (корицата) на проектната задача/дипломската работа содржи:

– на почетокот од страницата со ГОЛЕМИ БУКВИ БОЛД, 12, порамнување централно (Central):

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП**
**ЕДИНИЦА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ**
**Катедра/институт/оддел на единицата на Универзитетот**

– на средината на почетната страница **НАСЛОВ (ГОЛЕМИ БУКВИ БОЛД, 12)**, порамнување централно (Central)

**ПРОЕКТНА ЗАДАЧА/ДИПЛОМСКА РАБОТА**
**НАСЛОВ**

– по насловот следат: името, презимето и звањето на менторот (лево порамнување, **мали букви 12 болд**). Потоа на истиот ред се пишува името и презимето на кандидатот и бројот на индексот (десно порамнување, **мали букви 12 болд**).

**Ментор,** **Кандидат,**
**звање /име и презиме** **име и презиме**
**број на индекс 0369**

– на средината од дното од страницата се пишува местото, месецот и годината (**мали букви 12 болд**)

**Штип, месец година**

– Втората страница е **СОДРЖИНА**, во која е даден преглед на сите поглавја по број на страници во проектната задача.

– Проектната задача/дипломската работа (тематска) ги содржи следниве поглавја, по редослед:

- **НАСЛОВ НА ПРОЕКТНАТА ЗАДАЧА**
- **Краток извадок** (не повеќе од 250 збора)
- **Клучни зборови** (3-7 збора кои не се содржат во насловот)
- **Title (НАСЛОВ НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК, 12)**
- **Abstract** (not more than 250 words)
- **Key Words**
- **Вовед (Introduction)**
- **Тематски поглавја и потпоглавја** (обработка на темата)
- **Заклучок (Concluding remarks)**
- **Користена литература (References)**

– Проектната задача/дипломската работа (истражувачка) ги содржи следниве поглавја, по редослед:

- **НАСЛОВ НА ПРОЕКТНАТА ЗАДАЧА**
- **Краток извадок** (не повеќе од 250 збора)
- **Клучни зборови** (3-7 збора кои не се содржат во насловот)
- **Title (НАСЛОВ НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК, 12)**
- **Abstract** (less than 250 words)
- **Key Words**
- **Вовед (Introduction)**
- **Материјал и метод на работа (Materials and methods)**
- **Резултати и дискусија (Results and discussion)**
- **Заклучок (Concluding remarks)**
- **Користена литература (References)**

Потточките во одделното поглавје да се нумерирани со еден вовлечен параграф. Пример:

2. **Материјал и метод на работа**
2.1. **Теренски испитувања**
2.2. **Лабораториски испитувања**

По секое ново поглавје се остава еден празен проред, а без проред меѓу насловот и текстот на поглавјето.

### 5.3.1. Проектни задачи - прв циклус на студии

Според Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, изработката на проектни задачи е задолжителна по секоја наставна програма. Насловот

и темата на проектната задача ги одредува предметниот наставник, а оценувањето на проектната задача е регулирано со истиот Правилник и во кумулативната оценка од предиспитните активности и завршниот испит може да изнесува **0–10 поени**.

Бројот на страници на проектната задача/труд го одредува предметниот наставник, според тематската област која се обработува, **но не треба да биде пократок од 10 страници**.

### 5.3.2. Проектни задачи - втор циклус на студии

Изработката на проектни задачи/труд во вториот циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип може да е тематски или истражувачки труд. Изработката на проектните задачи за секоја наставна програма е во консултација на магистрантот со раководителот на катедрата која ги организира магистерските студии и со предметниот наставник. Насловот и темата на проектната задача ги одредува предметниот наставник.

Во кумулативното оценување од предиспитни активности и завршен испит, изработката на проектната задача носи од 0 до 25 поена, а јавната презентација на задачата како и консултациите со предметниот наставник носат од 0 до 25 поена.

Бројот на страници на проектната задача го одредува предметниот наставник, т.е. менторот на магистерскиот труд, според тематската област која се обработува или, пак, според истражувањата кои се образложуваат, **но не треба да биде пократок од 20 страници**.

### 5.3.3. Проектни задачи - трет циклус на студии

Во организацијата на третиот циклус на студии, т.е. на докторските студии, се предвидени задолжителни предмети и изборни семинари.

Изборните семинари се поврзани со одделни предмети кои се наоѓаат на списокот на изборни предмети и истите претставуваат вовед на докторандот во самостојна истражувачка работа. Изборните семинари (по предмет или група од сродни предмети), исто така, се дефинираат во консултации помеѓу докторандот, раководителот на катедрата на која се организираат докторските студии и менторот.

Изборниот семинар во третиот циклус на студии може да биде максимум **5 кредита** за еден изборен семинар. Докторандот, во консултации со раководителот на катедрата на која се организираат докторските студии и со менторот, може да избере **најмногу 4 изборни семинари**.

### 5.4. Изработка на специјалистички и магистерски трудови и докторски дисертации

Специјалистичките, магистерските и докторските трудови се резултат на самостојната работа на кандидатот со која се систематизираат постојаните научни знаења и се придонесува за нивниот понатамошен развој.

Магистерскиот и докторскиот труд од областа на уметноста може да се направи како композиција, концертна или сценска изведба на музичко дело или солистички концерт.

Предната и задната корица на трудот треба да се од тврд повез.

- Првата страница е идентична со предната корица (не се нумерира).
- Втората страница (не се нумерира) содржи:

**Комисија за оценка и одбрана**

**Ментор** Име и презиме
звање, институција

**Член** Име и презиме
звање, институција

**Член** Име и презиме
звање, институција

**За докторска дисертација:**

**Интерен ментор** Име и презиме
звање, институција

**Екстерен ментор** Име и презиме
звање, институција

**Членови на Комисија за оценка и одбрана**

**Претседател** Име и презиме
звање, институција

**Член** Име и презиме
звање, институција

**Член** Име и презиме
звање, институција

**Научно поле** назив на научното поле
**Научна област** назив на научната област

датум на одбрана ____________
датум на промоција ____________

– Третата страница (не е задолжителна и не се нумерира) содржи посвета или благодарност.
– Четвртата страница (не се нумерира) содржи рецензирани и објавени трудови (стручни, научни и апликативни) произлезени од истражувањето, печатени во домашни или во меѓународни списанија или реферати и презентации од научни собири.

– Следи на една, најмногу до две страници на македонски јазик:
- НАСЛОВ НА ТРУДОТ;
- Краток извадок (не повеќе од 500 збора);
- Клучни зборови (3-7 збора кои не се содржат во насловот).

– Следи на една, најмногу до две страници на англиски јазик:
- TITLE (НАСЛОВ НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК, 12);
- Abstract (not more than 500 words);
- Key Words (3-7 words not included in the title)

– Наредната страница е СОДРЖИНА во која е даден преглед на сите поглавја по број на страници во трудот.

– Трудот ги содржи следниве поглавја, нумерирани по редослед и по број на страници:

ВОВЕД
ПРЕГЛЕД НА ЛИТЕРАТУРАТА
ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО
МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЧКАТА РАБОТА
РЕЗУЛТАТИ
ДИСКУСИЈА
ЗАКЛУЧОК
ДОДАТОК (ако постои прилог, користени кратенки, фотографии, речник и сл. и не е задолжително поглавје)
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА (REFERENCES)

Потточките во одделното поглавје да се нумерирани со еден вовлечен параграф. Пример:

5. **РЕЗУЛТАТИ**
5.1. **Резултати од теренски испитувања**
5.1.1. **Локалитети**
5.1.2. **Појави**
5.2. **Резултати од лабораториски испитувања**
5.2.1. **Содржина на нитрати**
5.2.2. **Содржина на нитрити**

По секое ново поглавје се остава еден празен проред, а без проред меѓу насловот и текстот на поглавјето.
Постапката за пријава, оценка и одбрана на магистерскиот труд, односно изработка и/или изведба на уметничко дело е регулирана со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**5.4.1. Изработката на специјалистичкиот и магистерскиот труд** во вториот циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип е самостоен истражувачки труд. Изборот на работната теза, насловот на трудот и изработката на трудот е во консултација на кандидатот со менторот и со раководителот на катедрата (институтот) која ги организира студиите.
Бројот на страници на магистерскиот труд е во зависност од карактерот на истражувањата кои се образложуваат, но трудот да **не е пократок од 60 страници на А4 формат**.
Оценувањето е во согласност со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, а според карактерот на студиите се вреднуваат со:

- за специјалистички трудови – 10 ЕКТС,
- за магистерски труд – 18 ЕКТС (за едногодишни студии со 60 кредита),
- за магистерски труд – 30 ЕКТС (за двогодишни студии со 120 кредита).

Носителите на втор циклус на студии се должни да ги усогласат магистерските и специјалистичките студии според Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
Кандидатите се должни специјалистичките и магистерските трудови да ги подготват според овие работни упатства.
Постапка за пријава, оценка и одбрана на докторската дисертација, односно изработка и/или изведба на уметничко дело е регулирана со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
Докторската дисертација е самостоен научен труд кој е резултат на самостојна научна работа и претставува придонес во развојот на соодветната научна, односно уметничка област.
Докторската дисертација од областа на уметноста може да биде композиција, концертна или сценска изведба на музичко дело и солистички концерт.

**5.4.2. Изработката на докторската дисертација** во третиот циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип е самостоен истражувачки труд. Изборот на работната теза, насловот на трудот и изработката на докторската дисертација е во консултација на кандидатот со екстерниот и интерниот ментор, како и со

раководителот на катедрата (институтот) која ги организира студиите.
Бројот на страници на докторската дисертација е во зависност од карактерот на истражувањата кои се образложуваат, но не треба да е пократка од 90 страници на А4 формат.
Оценувањето е во согласност со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, а според карактерот на студиите изработката на докторската дисертација се вреднува максимум со **90 кредита**.
Носителите на третиот циклус на студии се должни да ги усогласат докторските студии според Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
Докторандите се должни докторските дисертации да ги подготват според овие работни упатства.

**6. Мерење**

Не се утврдени мерни точки во постапката за изработка на трудови на Универзитетот.

**7. Документи и прилози**

/

Ректор,

проф. д-р Блажо Боев